СТ.бр.8/25

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија ИЛЈАЗ ИСМАИЛИ, решавајќи по предлогот,поднесен од предлагачот – должникот, Бесник Рахмани од Кичево, за отворање на стечајна постапка на должникот Друштво за производство градежништво трговија транспорт и услуги увоз - извоз БЕ - ХЕ 2010 ДООЕЛ с.Горно Строгомиште по одржаната расправа, во присуство на полномошникот на предлагачот Адвокат Агрон Елмази од Кичево и времениот стечаен управник Агрон Арифи од с.Пирок, Боговиње,на рочиштето одржано на ден 04.07.2025 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за производство градежништво трговија транспорт и услуги увоз - извоз БЕ - ХЕ 2010 ДООЕЛ с.Горно Строгомиште со ЕМБС 7426879 и ЕДБ 4012020517843, основано на 07.05.2020 година, со трансакциски сметки со број: 240-3301124058-92 Уни Банка АД Скопје **СЕ ОТВАРА** стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се **ЗАКЛУЧУВА**.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Уни Банка АД Скопје да ја згасне трансакционата сметка на должникот со број: 240-3301124058-92 а доколку има средства на истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 04.07.2025 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно на должникот му престои идна неликвидност.

СТ.бр.8/25

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, **СТ.бр. 8/25 од 04.07.2025 година.**

**Стечаен судија,**
**ИЛЈАЗ ИСМАИЛИ**

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

**ДНА:** Полномошник на предлагачот,стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и УНИ банка АД Скопје.